ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 04-813/11**
**Датум: 05.08.2021**

Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), а во врска со Записник број 04-813/8 од 04.08.2021 година од административна селекција за интерен оглас и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју број 04-813/9 од 04.08.2021 година, Генералниот секретар донесе:

**Одлука**
**за избор на кандидат за унапредување на работно место Раководител на буџетска контрола и плаќање по интерен оглас број 16/2021 објавен на ден 28.07.2021 година**

1. За извршител за работното место со шифра и назив УПР0101Б04000 Раководител на одделението за буџетска контрола и плаќање во Сектор за финансиски прашања – 1 извршител, се избира кандидатот Данче Ангеловска со вкупно освоени 38,05 бодови.
2. Оваа Одлука ја одобрува Главниот државен ревизор.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување и истата се објавува истиот ден на веб страната на Државниот завод за ревизија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Постапувајќи согласно член 52 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20) а во врска со Записник број 04-813/8 од 04.08.2021 година од административна селекција за интерен оглас и Записник од работата на Комисијата за селекција за

унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју број 04-813/9 од 04.08.2021 година, Генералниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПОТРЕБА НА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот на оваа Одлука.

**Генерален секретар,**

**М-р Александар Поповски**

**О Д О Б Р И Л**

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**